РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено: | 07.04.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 380/1 | - | - |

До

Општина Демир Хисар

Вo архива ... 9/4 0909
Рок ... 5 г.
31.12.2020
Д. Хисар

Предмет:-Барање на информација;

Од:-[redacted],

[redacted]

Почитуван/а,

Согласно одредбите од чл.83 од ЗПП, одредбите од Законот за адвокатура, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и ЗОУП, имам потреба од информација за тоа дали во периодот од 2011 година до 2015 година во Вашата општина е спроведувана постапката за јавни набавки за гориво за потребите на општината, доколку е спроведувана постапка за јавни набавки кои добавувачи ја вршеа испораката на горивата за секоја година сметано од 2011 година до 2015 година, по која цена за литар гориво беше набавувано горивото за периодот од 2011 година до 2015 година, дали е определуван рабат и доколку е во кој процент и во кој денарски износ за периодот од 2011 година до 2015 година?

Молам информацијата, во рок не подолг од 15 дена, да ми ја доставите на следната адреса:

[redacted]

или пак на мојата e-mail адреса:

[redacted]

Битола
18.03.2020 година

Барател

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-380/2
10 .04.2019
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 07.04.2020 година адвокатот [redacted], во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на инфомации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-380/1 на 07.04.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-380/3 од 10.04.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-380/3
10 .04.2019
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 01.04.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 01.04.2020 година под број 09-379/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање и врз основа на тоа, Ви ги доставуваме бараните информации:

Во периодот 2011 – 2015 година, во општина Демир Хисар не се спроведуваа постапки за јавни набавки на гориво за потребите на општината за службените возила. Тие постапки Општина Демир Хисар започна да ги спроведува во 2016 година. Во наведениот период, постапки за јавни набавки за набавка на гориво се спроведуваа единствено за гориво за огрев.

Горивото за службените возила во тој период се набавуваше од „Макпетрол" АД Скопје како единствен економски оператор кој имаше бензинска станица на подрачјето на општина Демир Хисар. Истото се набавуваше по малопродажна цена определена од Регулаторната комисија за енергетика без определување на рабат.

Прилог:
-Решение за позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.09-379/2 од .04.2020 година

**Изработил,**
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

м-р Влатко Станковски, раководител на Одделение за финансиски прашања,

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски